**ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ**
**АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА**

IACD
INSTITUTE ACADEMY OF COSMETIC DENTISTRY

# Водич за идни студенти



Пионери на извонредноста во естетската стоматологија

## ОБРАЗОВАНИЕ, ПРАКТИЧНА ОБУКА И КЛИНИЧКА ЕДУКАЦИЈА

# НА ЕДНО МЕСТО



**Прим. д-р Коте Тасевски**
**Основач и челник на IACD**

## Придружете ни се за престиж и многу придобивки!

Приватниот научен институт - Академија за естетска стоматологија е првиот и единствен во регионот што воведува магистерска програма за естетска стоматологија. Оваа програма е наменета за стоматолози кои сакаат да останат на врвот на современата стоматологија и кои се стремат да стекнат напредни знаења и вештини во естетски третмани, базирани на докази. На тој начин, ќе бидат во можност да ги задоволат потребите на пациентите со високи естетски очекувања и да испорачаат реставративни решенија на највисоко можно ниво.

Целта на програмата е да обезбеди постдипломско образование во кое практичарите ќе стекнат теоретски знаења и практични вештини кои се клучни за естетската стоматологија. Програмата вклучува темелно истражување на најважните теми од интердисциплинарната естетска стоматологија, обука во лабораториски вештини, како и клиничка пракса која овозможува примена на наученото.

Акцентот е ставен на стекнување знаење и вештини во областите на естетски реставрации, современи биоматеријали и клинички процедури, сите засновани на докази. Понудата вклучува предавања од реномирани професори и специјалисти, предклиничка практична обука, надзор на случаи, е-учење и многу други поволности.

Оваа програма им помага на дипломираните стоматолози, како на национално така и на меѓународно ниво, да ги постигнат своите цели за постдипломски студии, да ги прошират своите хоризонти и да обезбедат висококвалитетни стоматолошки реставрации со оптимална естетска вредност.

Естетската стоматологија е една од најпопуларните и најуспешните области во стоматологијата. Растечките барања на пациентите ја зголемија потребата стоматолозите да ги усовршат своите вештини во правилна реставрација, што води до постигнување на природен изглед на забите.

Без разлика дали сте стоматолог со воспоставена пракса кој сака да ги освежи своите вештини, или млад стоматолог кој сака да ги изгради своите способности, ова е вашата шанса да го направите следниот чекор во вашата кариера.

Резервирајте место сега преку нашиот линк: **contact@iacd.mk** и придружете се на оваа важна програма која ќе биде значаен дел од вашата професионална иднина.

Добредојдовте во Приватниот Научен Институт – Академија за Естетска Стоматологија! Овој водич е создаден за да ве запознае со сите аспекти на нашата институција и можностите што ги нудиме за студентите кои сакаат да го продолжат своето образование во областа на естетската стоматологија.

### Што нуди Академијата за естетска стоматологија?

Нашиот институт нуди сеопфатна програма која ги обединува образованието, практичната обука и клиничката едукација на едно место. Ова е уникатна можност да стекнете врвни знаења и вештини во динамичната и иновативна област на естетската стоматологија. Програмата е внимателно дизајнирана да ги подготви студентите да станат лидери во оваа дисциплина, комбинирајќи академско усовршување со практична примена на најсовремени стоматолошки технологии.

### Што опфаќа Програмата?

• **Образование:** Акредитирана магистерска (part-time) едногодишна програма (60 ЕКСТ) по естетска стоматологија.
• **Практична обука:** Курсеви кои ги надополнуваат теоретските знаења со практични искуства.
• **Клиничка едукација:** Обука под директен надзор на стручни лекари, овозможувајќи вистинска клиничка пракса.

### Клучни придобивки на нашата програма

• **Современ наставен план:** Развиен според најновите научни достигнувања во стоматологијата.
• **Практична настава:** Можност за работа со врвна технологија и најсовремени материјали.
• **Менторство:** Личен пристап со експерти кои ќе ве водат низ секој чекор од вашиот напредок.
• **Стипендии:** Финансиска поддршка за најдобрите студенти.

### Придобивки од студирањето:

• Експертиза во најновите методи и технологии во естетската стоматологија.
• Способност за работа со комплексни естетски случаи и формирање на ефикасни терапевтски тимови.
• Академски престиж со меѓународно призната титула „Магистер на науки“ (Master of Science in Dentistry, module: Master of Aesthetic Dentistry).

### Како да се пријавите?

1.Посетете ја нашата веб-страница.
2.Пополнете ја апликациската форма.
3.Приложете ги потребните документи.

Со нетрпение ве очекуваме да бидете дел од нашето семејство! Овој водич претставува вашиот прв чекор кон успешна кариера во естетската стоматологија. Ве охрабруваме да го истражите целиот спектар на можности што ги нуди Академијата и да го направите вистинскиот избор за вашата професионална иднина.

IACD™

# Историјат

Приватниот Научен Институт – Академија за естетска стоматологија во Скопје е основан во 2018 година како напредна научно-истражувачка и образовна институција. Институтот е акредитиран од Министерството за образование и наука и е запишан во Регистарот на научно-истражувачки установи што го води ова министерство .

Како прв и единствен ваков институт во Република Северна Македонија, тој е специјализиран за естетска стоматологија, поставувајќи нови  стандарди во стоматолошката едукација и истражување. Програмата е создадена согласно најновите меѓународни стандарди и трендови, а наставата ја водат признати стручњаци од земјата и странство, што гарантира врвна едукација и професионална обука.

Институтот нуди не само академски и научни програми, туку и обука во специјализирани области на стоматологијата, како што се естетска стоматологија, имплантологија, пародонтологија, дигитална стоматологија и други современи подрачја што вклучуваат најнови иновации и технологии.




Како придружна членка на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ во Скопје, овозможува активна соработка со престижни научни и образовни институции глобално. Ова партнерство ја зголемува размената на знаења и искуства, што дополнително ја зајакнува неговата репутација.

Со иновативните наставни методи и акцентот на најновите технологии, Институтот го поставува темелот за идните лидери во стоматологијата, додека неговите дипломци се меѓу најбараните професионалци во оваа специјализирана област.





# Акредитации

Приватниот научен институт – Академија за естетска стоматологија во Скопје е акредитиран од Министерството за образование и наука, Одборот за акредитација и евалуација, како и Агенцијата за квалитет,  согласносно одредбите на Законот за високото образование и ги исполнува сите критериуми и услови предвидени во Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи, обезбедувајќи врвно ниво на академска и практична обука.

Академијата за естетска стоматологија ја интегрира науката со практиката, создавајќи уникатна целина која ги следи најновите глобални стандарди и принципи. Главниот фокус е едукација на идни професионалци кои ќе ги применуваат современите техники и методологии во областа на естетската стоматологија, со посебен акцент на иновации, креативност и високи етички стандарди.

IACD™

# Мисија и визија




Мисијата на Академијата е да создаде едуцирани, иновативни и стручни стоматолози, кои ќе придонесат за развојот на естетската стоматологија преку интеграција на современи методи и техники, како и примената на најновите научни достигнувања во оваа област.

**Мисијата на Академијата се реализира преку:**

- **Акредитирана студиска програма од втор циклус за естетска стоматологија;**
- **Нудење висококвалитетни едукативни можности;**
- **Спроведување научно-истражувачки активности и применливи истражувања;**
- **Промоција и поддршка на акредитацијата и асоцијацијата преку принципите на здружување и интеграција.**

Академијата е посветена на континуиран напредок и иновации кои ќе го обликуваат идниот развој на естетската стоматологија. Преку поддршка на иновациите и напредни методи, се стреми да ги инспирира студентите да станат лидери во својата професија.

Нашата визија е да бидеме глобално призната институција која претставува синоним за иновација, професионализам и интегритет во естетската стоматологија. Стремиме да изградиме мрежа на меѓународна соработка со водечките центри за стоматологија и да поттикнеме постојан раст и развој на нашите студенти и наставен кадар. Преку негување на вредности како што се етичност, креативност, одржливост и почитување на индивидуалните потреби, сакаме да создадеме иднина во која стоматолошката естетика ќе биде достапна за сите и ќе има трансформативна улога во животот на поединците и заедницата.

# Концепт на академијата

Академијата нуди современ и иновативен концепт на образование, фокусиран на интеграцијата на теоријата и практиката. Студентите имаат можност да се обучуваат со најсовремената опрема и технологии, како и да учествуваат во научни проекти и истражувања, што ќе им овозможи да станат експерти во својата професија.

Со примената на иновативни програми и пристапи, Академијата има за цел:

•Практична обука и стручно усовршување: Подготовка на доктори по стоматологија за најновите техники и методи во естетската стоматологија, унапредување на нивните знаења и вештини за дијагностика и лекување, како и имплементација на најдобрите практики во современата стоматолошка дејност.

•Воведување на високи стандарди за едукација: Организирање на континуирана едукација за други стручни профили, вклучувајќи лабораториски забни техничари, стоматолошки асистенти, хигиенисти, едукатори, истражувачи и други професионалци. Програмите се достапни за домашни и странски професионалци, обезбедувајќи уникатна меѓународна перспектива.

Оваа интегрирана едукација им овозможува на учесниците:

•Мрежно поврзување и размена на искуства: Воспоставување контакти со врвни професионалци од областа на естетската стоматологија.

•Глобална поддршка и развој: Добивање и давање поддршка која поттикнува глобален напредок во оваа област.

**Едукативен процес**

Во едукативниот процес се вклучени врвни домашни и меѓународни експерти, кои работат според јасно дефинирани теми, целни групи и структури на програмите. Студентите имаат можност да се обучуваат под водство на стручни наставници со долгогодишно искуство и познавање на најновите трендови во стоматологијата.



**Континуирано образование**

Академијата нуди поддршка за континуирано образование преку обемни онлајн ресурси и материјали од водечките светски стоматолошки центри. Овие ресурси се создадени за да ги поддржат студентите и професионалците во нивниот професионален развој и да ги одржат во тек со најновите трендови и иновации во естетската стоматологија. Во контекст на континуираниот развој, Академијата е посветена на создавање и одржување на партнерства на локално и меѓународно ниво. Целта е да изградиме глобална платформа за размена на знаење и искуства, која ќе го унапреди квалитетот на стоматолошките услуги и ќе ги поттикне иновациите во областа.

**Образовни програми и квалитет на образованието**

Програмите на Академијата се усогласени со потребите на современиот стоматолошки пазар и најновите истражувања во естетската стоматологија. Студентите стекнуваат теоретски и практични вештини кои ги подготвуваат за предизвиците на оваа динамична област.

**Целите на Академијата вклучуваат:**

•Зголемување на можностите за образование и вклучување на креативниот потенцијал во домашното здравство.

•Поттикнување на континуирано професионално усовршување на стоматолозите.

•Намалување на трошоците за специјализација и обезбедување пристап до висококвалитетни ресурси.

•Комбинирање на теорија и практика преку висококвалитетни наставни програми.

• Поставување на стандарди за успешност и зголемена посетеност на стручни собири;

•Обезбедување точни и корисни информации за јавноста и професијата.

Придобивки за студентите:

•Стекнување напредни знаења во согласност со глобалните стандарди.

•Работа со најсовремени технологии и материјали.

•Практични обуки во модерни лаборатории и амбуланти.

•Поврзаност со светски експерти и можности за континуирано образование.

Академијата за естетска стоматологија е идеално место за оние кои сакаат да го унапредат своето знаење и кариера во оваа област.

Академијата е отворена за сите доктори по стоматологија, лабораториски забни техничари, стоматолошки професионалци, како и за оние кои ја поддржуваат естетската стоматолошка индустрија. Таа е наменета за амбициозни, вредни и трудољубиви лица кои се стремат кон клиничка пракса и постојано усовршување на своите вештини. Академијата нуди можност за поврзување, размена на идеи и искуства меѓу стручни лица.

Студентите и членови на Академијата имаат можност за континуирано учење, работа во тимови, како и учество во најновите истражувања и проекти во областа на естетската стоматологија. За оние кои се посветени на напредување на своето знаење и вештини, Академијата обезбедува уникатна можност да учат од најдобрите и да бидат дел од најсовремените тенденции и иновации во естетската стоматологија.



# Посветени на естетската стоматологија




Академијата за естетска стоматологија нуди уникатна можност за професионален развој и интеграција во ексклузивната група на посветени естетски стоматолози и лабораториски техничари. Таа е фокусирана на создавање стручни и едуцирани кадри кои ќе ги водат идните трендови во естетската стоматологија.

Програмите за обука се дизајнирани да обезбедат целосна подготвеност за работа во естетската стоматологија, која претставува сеопфатен пристап кон оралната здравствена заштита, комбинирајќи уметност и наука за постигнување оптимална забна функција, здравје и естетика.

Академијата не само што обезбедува стручни знаења и практични вештини, туку и активно ги поврзува студентите со водечките експерти преку семинари, конференции и работилници. Дипломците на Академијата ќе бидат дел од глобалната заедница на естетски стоматолози, со можности за професионален напредок.

По завршувањето на Академијата, студентите добиваат диплома и сертификати кои ја потврдуваат нивната стручност и овозможуваат работа како високо квалификувани стручњаци во оваа просперитетна област.

# Едногодишни магистерски студии по естетска стоматологија



IACD™
INSTITUTE ACADEMY OF AESTHETIC DENTISTRY

ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ
АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА

ДИПЛОМА

ЗА МАГИСТЕР ПО ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА

ВО МЕЃУНАРОДЕН ПРОМЕТ АКАДЕМСКИ НАЗИВ:

MASTER OF SCIENCE IN DENTISTRY, MODULE:
MASTER OF AESTHETIC DENTISTRY

ОСНОВАЧОТ И ДИРЕКТОРОТ НА ПРИВАТНИОТ НАУЧЕН ИНСТИТУТ
АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА СО СВОЈОТ ПОТПИС И СО ПЕЧАТОТ НА ИНСТИТУТОТ,
ПОТВРДУВА ДЕКА

МАРИЕ БОГОЕСКА

Роден на 13.10.2002 година во Населено место, Р. Македонија, на 13.11.2022 г.
ја одбрани магистерската дисертација под наслов:
**ИНДИКАЦИИ И КОНТРАИНДИКАЦИИ НА ПОРЦЕЛАНСКИТЕ ЛАМИНАТИ И НА ФАБРИЧКИ РЕЖАНИ КОМПОМЕРНИ ЛАМИНАТИ НА ЕДЕЛВАЈС**
и со тоа ги исполнува условите за здобивање со научен степен

МАГИСТЕР ПО ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА

Оваа Диплома ѝ се издава по извршената промоција и со тоа ѝ се признаваат правата што врз основа на степенот МАГИСТЕР НА НАУКИ ѝ припаѓаат по законите на Република Северна Македонија

**ВО СКОПЈЕ, 11.02.2023 ГОДИНА**

Основач и директор
Прим. д-р Коте Тасевски



IACD™

ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ
АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА

ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА

Овој „Додаток на дипломата" го следи моделот развиен од Европската комисија, Советот на Европа и УНЕСКО/ЦЕПЕС. Цел на „Додатокот на дипломата" е да овозможи податоци потребни за препознавање на академски квалификации (дипломи, стручни звања, сертификати). Тој е обликуван да обезбеди опис на природата, нивото, контекстот, содржината и статусот на студиите кои биле следени и успешно завршени од лицето – носител на оригиналната диплома, кон која е додаден овој додаток. Додатокот треба да биде ослободен од секаков вид коментари за вредноста, еквавилентноста со други студии и сугестии за признавање.

| 1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НОСИТЕЛОТ НА ДИПЛОМАТА | |
|---|---|
| 1.1 Име: | |
| 1.2 Презиме: | |
| 1.3 Датум на раѓање, место и држава на раѓање: | |
| 1.4 Матичен број: | |

| 2. ПОДАТОЦИ ЗА СТЕКНАТАТА КВАЛИФИКАЦИЈА | |
|---|---|
| 2.1 Датум на издавање: | 25. 02. 2023 |
| 2.2 Назив на квалификацијата: | Академски студии (постдипломски студии) |
| 2.3 Име на студиската програма, односно главно студиско подрачје, поле и област на студиите | Естетска стоматологија<br>Втор циклус на студии<br>Едногодишни студии<br>МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ЗДРАСТВО<br>Стоматологија<br>30416 Друго - Естетска стоматологија |
| 2.4 Име и статус на високообразовната/научната установа која ја издава дипломата: | Приватен научен институт „Академија за естетска стоматологија" Скопје |
| 2.5 Име и статус на високообразовната/научната установа (доколку е различна) која ја администрира дипломата | Приватен научен институт „Академија за естетска стоматологија" Скопје |
| 2.6 Јазик на наставата: | Македонски и англиски |

Магистерската програма за естетска стоматологија на Приватниот научен институт – Академија за естетска стоматологија е посветена на унапредување и имплементирање на научните сознанија и практики во стоматологијата, како и на промовирање на совршеност во уметноста и науката. Програмата нуди напредна академска обука во областа на естетската стоматологија со мултидисциплинарен фокус.

Ова е едногодишна (60 ЕКТС) студиска програма со скратено работно време, наменета за стоматолози во било која фаза од нивната кариера, земајќи ги предвид нивните временски ограничувања и работни обврски.

По успешното завршување на студиската програма, дипломираните студенти ќе добијат академска титула „Магистер на науки" (Магистер по естетска стоматологија), која во меѓународниот промет е позната како Master of Science in Dentistry, module: Master of Aesthetic Dentistry, како и додаток на диплома: Diploma Supplement.

# Совршен спој на научните сознанија и новите практики

Академијата континуирано ќе организира курсеви, работилници, предавања, стручни презентации, состаноци на работни групи, семинари, индивидуално усовршување и консултации, со цел да им обезбеди на своите студенти и професионалци можности за континуиран раст и напредок. Овие активности ќе бидат целосно усогласени со најновите трендови и потреби во областа на естетската стоматологија, со посебен акцент на интеграцијата на научните сознанија и новите практики.

Дополнително, Академијата ќе примени различни методи на образование, вклучувајќи печатени материјали, видео и компјутерски потпомогнати ресурси, како и иновативни форми на пренесување на знаење и вештини. Користењето на овие современи образовни алатки ќе овозможи студентите да ги апплицираат теоретските концепти во реални клинички услови и да развиваат практични вештини, што е клучно за нивниот професионален напредок.

Покрај традиционалните методи на учење, Академијата ќе ги користи и новите дигитални платформи, кои ќе овозможат виртуелни работилници и симулации, како и интерактивни едукативни материјали кои ќе бидат достапни на студентите во секое време. Овие ресурси ќе им овозможат флексибилност и пристап до најновите истражувања и иновации во естетската стоматологија.

Со овие активности и методи, Академијата ќе овозможи постојан развој на стручноста и највисокото ниво на образовен процес, што ќе ја поддржи примената на најсофистицираните техники и технологии во естетската стоматологија.





# ПРВА ГЕНЕРАЦИ
# ПО ЕСТЕТСКА С

ACD

TITUTE ACADEMY OF COSMETIC DENTISTRY



# ЈА МАГИСТРАНТИ
# ТОМАТОЛОГИЈА

Институтот - Академијата за естетска стоматологија Ендомак нуди неколку видови **курсеви по естетска стоматологија**. Овие се дизајнирани да им овозможат на докторите на стоматологија **клинички вештини засновани на докази** со цел да ги вметнат **естетските елементи** во нивната секојдневна грижа за пациентот. Овие курсеви се наменети за работа на **стоматолози кои веќе имаат воспоставена стоматолошка пракса** и сакаат да учат пристап заснован на докази за естетски третман, кои сакаат да останат на врвот на современата стоматологија и да можат со сигурност да ги задоволат и испорачаат ресторативните потреби на пациентите со високи естетски очекувања.

Тие им помагаат на многу дипломирани стоматолози, како на национално така и на меѓународно ниво, да ги постигнат своите цели за постдипломски студии, да ги **прошират своите хоризонти и знаење** за да обезбедат високо квалитетни функционални стоматолошки реставрации со оптимална естетска вредност



## КУРСЕВИ ПО ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА

Овие курсеви нудат темелно истражување на најважните теми на интердисциплинарна естетска стоматологија и доволно обука во лабораторија за вештини и клиника. Акцентот е ставен во стекнување знаење, разбирање и вештини во областите на естетски реставрации, современи биоматеријали, плус клинички процедури и техники базирани на докази.

## КУРСЕВИ ПО ЕНДОДОНЦИЈА

Болестите кои ја погодуваат забната пулпа и перирадикуларните ткива се ендемични и поради нивната локација и големина, бараат посебни знаења и вештини за управување со нив. Развојот на потребните интегрирани знаења и вештини е сложен и предизвикувачки процес, кој бара ефективно менторство, водство и обука во когнитивните, техничките и клиничките вештини.

Наменети се за работа на стоматолози кои веќе имаат воспоставена стоматолошка пракса и сакаат да учат пристап заснован на докази за естетски третман. Курсевите за ендодонција се фокусираат на запознавање на стоматолозите со ендодонтските техники кои вклучуваат дијагностика и планирање на третманот, подготовка на канал и вештини за микроскопија.





## КУРСЕВИ ПО ПАРОДОНТОЛОГИЈА

Пародонталната болест, која ги уништува структурите за поддршка на забите, е многу распространета низ целиот свет и како такво се смета за сериозен јавен здравствен проблем со реално влијание врз здравствениот систем. Потребата од стоматолози да обезбедат соодветен основен пародонтален третман е значително зголемена во последниве децении и како такво, свеста за и способноста за лекување на пародонтот е неопходна за сите стоматолошки професионалци.



Курсевите се фокусираат на периодонтологија и основните хируршки вештини. Секој курс вклучува предавања поддржани од научни докази и се надополнети со релевантни практични работилници.

Овие курсеви се дизајнирани да им обезбедат на општите стоматолози понатамошно разбирање на хируршките концепти и техники со акцент на дијагноза, планирање на третман и клиничко управување и улогата на пародонтот во дневната клиничка пракса. Опфаќаат аспекти како што се биолошките концепти на менаџирање со мекото и тврдото ткиво за време на операцијата и се насочени кон стоматолози кои се надеваат дека ќе стекнат повеќе знаење и клинички вештини во периодонтологијата, како начин да ги надополнат нивните секојдневни клинички активности.

## КУРСЕВИ ПО ЕСТЕТСКА И РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

Ресторативната стоматологија го формира столбот на современата стоматологија за примарна здравствена заштита. Областа постојано се развива додека се развиваат нови техники и материјали и барањето стоматолозите да бидат во тек станува постепено попредизвикувачко и потенцијално наградувачко.

Ресторативната стоматологија опфаќа широк спектар на специјалности и обезбедува напредно знаење во различни области на фиксна протетика, оперативна и имплантациона стоматологија и ендодонција и овозможува на стоматолозите да развиваат современи вештини, знаење и експертиза за самоуверено управување со потребите за лекување на пациентите на сеопфатен начин. Тоа е предизвикувачка и наградувачка дисциплина која постојано се развива поради иновациите во дигиталната технологија, материјали и техники.

Ова е интензивна програма која одржува добра рамнотежа помеѓу теоретското знаење и практичната примена, покрај компонентата за истражување. Студентите се здобиваат со теоретско и практично искуство во менаџирањето на пациенти со комплексни протетски потреби, користејќи пристап базиран на докази. Тие исто така ќе развијат напредни вештини за дијагностицирање и планирање на третман, клиничка пракса, како и преземање на лабораториска работа за нивните пациенти. Развојот на секоја од овие вештини ја зајакнува самодоверба и способноста да се обезбеди успешен клинички третман.

IACD
INSTITUTE ACADEMY OF COSMETIC DENTISTRY

# КУРСЕВИ ПО ОРАЛНА ХИРУРГИЈА И ИМПЛАНТОЛОГИЈА

Курсевите по имплантологија ги опфаќаат и воведните и напредните вештини за имплантологија. Модерната стоматологија за импланти постојано се развива и претставува предизвици кои бараат нови вештини, како и исполнување на високи очекувања на пациентите во светот во кој живееме денес. Програмата за обука наменета за стоматолози со малку или без искуство во имплантната стоматологија обезбедува солидна основа за обука и едукација базирана на докази. Постигнувањето на нови вештини во имплантната стоматологија ќе обезбеди основа за безбеден третман на пациенти кои бараат забни импланти и ќе обезбеди наградувачка кариера во имплантната стоматологија. .



## КУРСЕВИ ПО ДИГИТАЛНА СТОМАТОЛОГИЈА




Зголемената употреба на дигитална технологија во клиничката пракса ја подобрува грижата за пациентот со предвидливи и точни резултати.

Нашите нови објекти вклучуваат посебен пакет 3Д-работни процеси надополнет со компјутерски помагала во нашите училници за клинички вештини. Ова ќе обезбеди интеграција и оптимизација на експертизата за дигитален проток на работа за подобрување на клиничката обука.

Студенти на постдипломски студии од сите дисциплини, вклучително и ендодонција, орална хирургија, ортодонција, пародонтологија и протетика ќе имаат можност да бидат обучени за користење на оваа врвна технологија.

# Простор и опрема









Информатичко-технолошкиот центар обезбедува голема поддршка во наставата, која се реализира во предавалните опремени со современа аудио-визуелна мултимедијална компјутерска опрема. Кабинетите и лабораториите се опремени со соодветен мебел, компјутери за сите вработени, борд табли, флипчарт табли, видео-прожектори, принтери, скенери и неограничен интернет пристап, како и телефонски линии.

За потребите на Институтот на располагање е врвна стоматолошка опрема од најреномирани светски производители, со технички можности кои ги задоволуваат највисоките стандарди во работењето. Материјалите за работа се внимателно избрани, а за реставрација на забите се користат исклучиво материјали од висок квалитет.

Исто така, на располагање се рендген кабинети со 3D апарати за имплантологија и РТГ ортопантомограми за дијагностички истражувања, протетски скенери, ендодонтски микроскопи, апарати за белење на заби, како и фото студио со компјутерско снимање.

Во рамките на Институтот работат специјалистички ординации по орална хирургија и имплантологија, стоматолошка протетика и ортодонција, ендодонција, парадонтологија, рендген кабинети опремени со дигитални ортопантомографски и 3D томографски апарати, заботехничка лабораторија во Струмица, Скопје и Гевгелија, едукациски центар со фото студио за естетска и реставративна стоматологија и дигитално дизајнирање на насмевката (DSD), како и 3D RTG рендген дијагностички центар.

Институтот - Академија за естетска стоматологија располага со висококвалитетно опремен простор кој целосно ги задоволува нормативите и стандардите за изведување настава, лабораториски вежби и практична обука.

Информатичко-технолошкиот центар на Институтот е опремен со најсовремена информатичка, телекомуникациска и телефонска опрема, што овозможува континуиран проток на информации и вмрежување на сите единици на Институтот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Ова има значителна примена при креирањето и имплементирањето на наставата на модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување), во согласност со развојот на информатичката технологија.

IACD

# Библиотека



Академијата за естетска стоматологија нуди богат избор на стручни книги и ресурси кои се дизајнирани да го поддржат континуираното образование и професионален развој на стоматолозите и забнотехничарите. Библиотека е специјално прилагодена да обезбеди пристап до најновите изданија во областа на естетската стоматологија, забнотехничките иновации и најсовремените терапевтски техники.

Членовите на Академијата имаат пристап до широк спектар на стручни книги, учебници, истражувачки трудови и публикации, кои ги покриваат различни аспекти на естетската стоматологија, од основните принципи до најнапредните техники и технологии. Публикациите во нашата библиотека се внимателно селектирани и одговараат на највисоките академски и стручни стандарди.

Дополнително, библиотеката нуди електронски ресурси, како што се дигитални книги и научни списанија, што овозможува членови и студенти да имаат пристап до материјали од било кое место и во било кое време. Оваа онлајн платформа е идеална за професионалци кои сакаат да останат во тек со новитетите и да ги развиваат своите вештини без да се ограничени од физички места.

# Стручни книги и мултимедијални списанија

Академијата нуди стручни книги и учебници од наши автори и предавачи кои се специјализирани во областа на естетската стоматологија. Овие изданија ги содржат основите и принципите на естетските третмани, како и клинички методи и практични техники за постигнување најдобри резултати.

Дополнително, се обработуваат теми како користење на дигитални технологии, 3D моделирање и нови иновации во естетската стоматологија. Книгите ги опфаќаат и техниките за дизајнирање на насмевки и се корисни за сите професионалци кои сакаат да ги прошируваат своите знаења и вештини во оваа област.









# Списание на Академијата







Списанието JAADE (Journal of Aesthetic and Advanced Dental Education) е реномирана публикација на Академијата, посветена на обезбедување најнови и најквалитетни информации во областа на клиничките третмани, иновациите во естетската стоматологија, забнотехничките технологии и техники. Публикацијата ги опфаќа најновите трендови, истражувања и примери од практиката на водечките стоматолози, лабараториски техничари и специјалисти во оваа област.

Во списанието се публикуваат написи за напредни методи на лечење, нови материјали и алатки, како и примери на успешни клинички случаи и иновации кои го дефинираат идниот развој на стоматологијата. Членовите на Академијата имаат ексклузивно право да објавуваат свои трудови и истражувања во списанието.

Публикацијата се издава во печатена и дигитална верзија, што овозможува пристап до најновите информации и на глобално ниво. Членовите можат да го користат списанието како важен ресурс за континуирано професионално образование и за останување во тек со најновите технолошки и научни откритија во областа.

**Веб-страница**

Веб-страницата на Академијата е целосно дизајнирана да послужи како централен извор на информации, најнови вести, стручни статии, коментари и сугестии за сите заинтересирани. На страницата, посетителите може да најдат информации за актуелни курсеви, работилници, научни настани и повеќе, како и можност за директен контакт со Академијата преку имејл адресата: **contact@iacd.mk.**

# Заштеди и попусти

Запишаните студенти и членовите на Приватниот научен институт – Академија за естетска стоматологија имаат можност да искористат значителни придобивки и заштеди за нивните практики:

**•Предност при упис и одобрување на специјализации и субспецијализации:**

- за запишани магистерски студии: 5 бода
- за завршени магистерски студии: 8 бода

**• Бесплатно присуство и учество на курсеви**

**• Бесплатни едукативни видео и печатени стручни трудови, публикации и материјали**

**•Попуст на едукативни списанија за пациентите**

**•Попуст на стоматолошки услуги, опрема и потрошни материјали од водечките снабдувачи и веледрогерии**

Овие придобивки им овозможуваат на студентите и членовите да ги унапредат своите знаења, да ги подобрат своите практики и да ја зголемат својата конкурентност на пазарот.

# Награди и признанија




Академијата за естетска стоматологија доделува годишни награди и признанија во неколку категории, кои ги признаваат највистакнатите достигнувања во областа:

**•Награда за Првенец на генерацијата**

**•Награда за најдобар дипломиран естетски стоматолог**

**•Награда за најдобар магистерски труд**

**•Награда за извонредност во естетската стоматолошка едукација**

**•Награда за иновација, лидерство и унапредување во областа на естетската и реставративната стоматологија**

Целта на овие награди е да ја поттикнат посветеноста, креативноста и професионализмот во областа на естетската стоматологија, како и да го признаат трудот и напорите на оние кои значително придонесуваат за развојот на оваа дисциплина.



# Ресурси за успех



Академијата им овозможува на своите кандидати различни алатки и ресурси кои се неопходни за успешен и безпрекорен премин низ процесот на магистерски студии. Со овие ресурси, кандидатите можат да се подготват со поголема сигурност и ефективност, што ќе им помогне да го достигнат својот академски потенцијал и да успеат во овој важен процес. Во продолжение се наведени некои од клучните ресурси што Академијата ги нуди:

**•Ментор волонтер**

Менторите се акредитираните испитувачи кои со голема посветеност и волонтерски труд го пренесуваат своето знаење и искуство на кандидатите. Тие се достапни за персонализирана помош и советување, како и за водење на кандидатите низ сите етапи на магистерските студии. Со својата експертиза, менторите ги помагаат кандидатите да се справат со сите предизвици и да ги надминат бариерите што можат да се појават на патот до успешен завршеток на магистерските студии.

**•Акредитирани работилници**

Акредитираните работилници се суштински елементи во процесот на магистерските студии. Тие се специјализирани програми за учење кои не само што ја збогатуваат теоретската основа, туку и нудат практични решенија и техники за применување на наученото во реални услови. Работилниците се организирани така што даваат можност за интеракција со професионалци од областа, што им овозможува на кандидатите да ги усовршат своите вештини и да ги подготват за успешен завршеток на магистерските студии.

**•Дополнителни ресурси**

Академијата обезбедува широк спектар на дополнителни ресурси кои вклучуваат водичи, шаблони, упатства и материјали кои ќе помогнат во унапредувањето на знаењето и подобрувањето на практичните вештини. Овие ресурси се дизајнирани да го олеснат процесот на подготовка и да ја забрзаат успешната завршница на магистерските студии, обезбедувајќи им на кандидатите сите неопходни алатки за континуирано учење и напредок.

**•Годишна научна сесија на Академијата за естетска стоматологија**

Годишната научна сесија на Академијата за естетска стоматологија претставува врвен настан во стоматолошката заедница, кој се одржува на различни локации низ годината. Оваа конференција собира водечки експерти од областа на стоматологијата, забните техничари, стоматолошки професионалци, членови на стоматолошките тимови и помошници, кои разменуваат искуства, нови методи и иновации во областа на естетската стоматологија. Настанот нуди можности за професионален раст, учење од најдобрите и создавање на нови контакти кои можат да бидат клучни за напредување во кариерата и за успешно исполнување на барањата за магистерските студии.

Сите овие ресурси се дел од целокупниот напор на Академијата да создаде поддршка за кандидатите во нивниот пат кон достигнување на високи академски стандарди. Секој од овие елементи е внимателно дизајниран да им обезбеди на кандидатите најдобри можности за успех, со што се осигурува нивниот академски напредок и раст.

# Меморандуми за соработка:
## Унапредување на квалитетот на стоматолошките услуги

Приватниот научен институт - Академија за естетска стоматологија потпиша придружно членство и меморандум за соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Интернационалниот Универзитет „Еуропа Прима“, ЕУ Институт Скопје, СМУГС „Др. Панче Караѓозов“, Центар за убавина „Афродита С“, стоматолошки ординации, заботехнички лаборатории и доктори кои магистрирале на Академијата за естетска стоматологија. Целта на оваа соработка е унапредување на квалитетот на стоматолошките услуги преку примена на најновите научни откритја, иновативни технологии и современи методи на третман.

Основната цел е да се обезбеди пристап до специјализирани едукативни програми и стручна поддршка за стоматолошките ординации, што ќе им овозможи да нудат врвни третмани и да ги задоволат потребите на пациентите со највисок стандард на грижа. Со оваа иницијатива се поставуваат основи за постојан раст и развој на естетската стоматологија во Македонија, како и за зголемување на довербата на пациентите во стоматолошките услуги.

**Список на стоматолошки ординации и заботехнички лаборатории по градови:**

**СКОПЈЕ**
1. ЕНДОМАК - Стоматолошка клиника
2.EDG Dental Clinics & Labs – 3 Д Рендген дијагностички центар
3.Стоматолошката поликлиника –едукативен центар „Дента ЕС“
4.ЕТЕРНАдент-Центар за дентално здравје
5.ПЗУ „ КОЗЛЕ“ - Специјалистичка ординација по орална хирургија
6.ПЗУ ДЕНТИСИМО ЕСТЕТИК
7.Dental Practice d-r Krtolica / Стоматолошка ординација
8.ПЗУ СИТИ-ДЕНТ
9.ПЗУ „Др. Ивица Лукановски“
10.ПЗУ „ Тренд“ - стоматолошка ординација со заботехничка лабораторија
11.ПЗУ -заботехничка лабораторија ДЕНТАЛ КРАФТ Скопје
12.ПЗУ „ Гудадент“-стоматолошка ординација со заботехничка лабораторија
13.ПЗУ Naturalija Dental Lab

**ТЕТОВО**
1. Apolon dental Polyclinic

**ГОСТИВАР**
1.ПЗУ-ординација по општа стоматологија ЛЕГЕ АРТИС
2.ПЗУ Д-Р ХАСИМ - Специјалистичка ординација по орална хирургија
3.ПЗУ Деа Дент
4.ПЗУ Вивадент
5.ПЗУ Д-Дент
6.ПЗУ Вита дент

**КИЧЕВО**
1.ПЗУ БИОДЕНТ 1 Кичево
2.ПЗУ ОРТО-БЕГО

**СТРУГА**
1.ПЗУ „Ирис Дент“

**ОХРИД**
1.Dental Center D-r Batkoski

**БИТОЛА**
1.ПЗУ Стоматолошка ординација „Д-р Цумковски“

**ПРИЛЕП**
1.ПЗУ Стоматолошка ординација „Д-р Милена“

**ГЕВГЕЛИЈА**
1.EDG Dental Clinics & Labs
2.Dental Center Pop-Ristovi

**НЕГОТИНО**
1.ПЗУ Дентал Естетик Неготино

**СТРУМИЦА**
1.EDG Dental Clinics & Labs
2.ПЗУ „Др. Бајрактаров“

**ВИНИЦА**
1. ПЗУ – Поликлиника „Св, Козма и Дамјан“ Виница

**ШТИП**
1. ПЗУ - Дент Естет - Штип

Ова партнерство претставува значаен чекор кон зголемување на квалитетот на стоматолошките услуги во Македонија, со акцент на иновации и континуиран професионален развој.

# Рекоа за Институтот

**АКАДЕМИК ВЛАДО КАМБОВСКИ**



Академијата за естетска стоматологија, основана од Прим. др. Коте Тасевски, претставува првата приватна научна институција во областа на стоматологијата во Македонија. Овој проект е резултат на огромна упорност и посветеност на основачот, кој со јасна визија и цел го реализирал создавањето на академијата и списанието JAADE. За краток период, Академијата успеала да се утврди како респектирана научна институција, која не само што има свое престижно списание, туку и успеала да ги воспостави сите потребни научни структури, како што се научниот совет и програмата за работа.

Овој напредок не бил лесен и бил придружен со бројни предизвици, особено во контекст на научните стереотипи кои постојат во општеството и кои ја ограничуваат поддршката за приватните научни институции. Сепак, Академијата докажала дека науката и образованието се дејности од јавен интерес, без разлика дали зад нив стои државата или приватни иницијативи.

Во контекст на науката, комбинираната потреба од теорија и пракса, како и поддршката на развојот на вакви институции, се клучни за напредокот на општеството. Како што се вели, една нација нема да пропадне ако се случат војна или природни непогоди, туку ако нема образование и наука. Затоа, поддршката на вакви институции, особено оние кои се фокусираат на естетската стоматологија, е од огромно значење за напредокот на научната и медицинската заедница.

**АГИМ РУШИТИ, ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КВАЛИТЕТ**



Приватниот Научен Институт - Академија за естетска стоматологија во Скопје е првиот институт од ваков вид во Република Северна Македонија во областа на стоматологијата и ги исполнува сите услови предвидени во Уредбата за нормативи и стандарди за високообразовни установи.

Институтот е основан согласно одредбите на Законот за високо образование, кој му дава право, покрај со научно-истражувачка дејност, да врши и високообразовна дејност од втор магистерски и трет циклус на докторски студии.

Одборот за акредитација и Агенцијата за квалитет во високото образование ја дадоа позитивната оценка за акредитација на програмите.

Во најкраток временски период, Академијата за естетска стоматологија ќе понуди специјалистички студии во областа на естетската стоматологија, потврдувајќи дека Република Северна Македонија има капацитети да понуди стручни специјалистички услуги од светски ранг.

**МАРИЈАН ДЕНКОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА:**



Чест ми е да го преставам првиот број на списанието JAADE издадено од Академијата за естетска стоматологија. Списанието вклучува 14 стручни трудови, меѓу кои има експерти од нашата земја чиј научен труд е препознат и во странство. Исто така, овде се вклучени и млади доктори кои се на самиот почеток на својата кариера. Списанието ги надминало почетничките слабости, демонстрирајќи високи стандарди во обработката на темите и презентацијата. Со оригинални фотографии, илустрации и квалитетни анализи, ова списание е подготвено да се натпреварува на меѓународен научен план.

**ПРОФ. Д-Р АНА МИНОВСКА:**



Голем пат сте поминале и стигнавте до остварување на дел од вашите соништа. Претпоставувам дека, ако патот бил макотрпен досега, иднината нема да биде полесна. За да се практикува науката, потребна е огромна посветеност од сите учесници. Апликативната наука што денес ја примевуваме во стоматологијата и естетската стоматологија, која е доминантна во Академијата и списанието JAADE, се круна на сите сложени процеси во нашата струка. Ви честитам на вашата упорност и љубов кон стоматологијата и ви посакувам многу успех во иднината.

**М-Р Д-Р СОЊА ДИМИТРОВСКА, ПРВЕНЕЦ НА ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА МАГИСТРАНТИ ПО ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА:**



Голема чест и привилегија е да се биде дел од првата генерација магистранти во ваков престижен научен институт – Академијата за естетска стоматологија, која е прва и засега единствена во Македонија. Благодарение на визијата и упорноста на еден човек, добивме можност да се усовршуваме и учиме од најдобрите професори и едукатори, не само од Македонија, туку и од Израел, Турција, Бугарија, Италија и други земји. Образованието, практичната обука и клиничката едукација што ги добивме се во согласност со највисоките стандарди за втор циклус студии во областа на естетската стоматологија.

Во име на сите 30 магистранти од првата генерација, упатувам искрена благодарност до целиот тим на Академијата – вработените, професорите и едукаторите, кои несебично ги споделија своите знаења и искуства. Особена благодарност изразувам и до нашите семејства, кои ни беа најголема поддршка. Но, најголемата благодарност ја упатуваме кон човекот кој го посветил целиот свој живот на стоматологијата – еден од пионерите на естетската стоматологија во Македонија, прим. д-р Коте Тасевски. Неговата визија, храброст и ентузијазам ќе останат нашата ѕвезда водилка на патот кон успехот.“



**Јордан Плевнеш**
Основач и Председател на
Интернационалниот Универзитет
Еуропа Прима




**Прим. д-р Коте Тасевски**
Основач и челник на IACD



**Проф. Д-р Зендел Абедин Шехи**
Интернационален
менаџер на IACD



**Д-р с-ци Јулие Поповски**
Спец. по орална хирургија и
имплантологија
Директор на IACD



**Д-р с-ци Зумри Битри**
MSc по естетска стоматологија
Зам. Директор и
член на Совет на IACD



**Д-р Соња Димитровска**
MSc по естетска стоматологија
Ген. Секретар на IACD



**Доц. д-р с-ци Хасим Хавзиу**
Спец. по орална хирургија и
имплантологија
Претседател на Совет на IACD



**Проф. д-р**
**Сабетим Черкези**
Спец. по ортодонција
член на Совет на IACD



**Прим. д-р сци**
**Томе Тасевски**
Спец. по парадонтологија
и ласерска стоматологија,
член на Совет на IACD



**Д-р Елена Василевска**
**Ѓеоргиева**
Спец. по ортодонција, едукатор
MSc по естетска стоматологија
член на Совет на IACD



**Прим. д-р Димитар Тасевски**
Спец. по орална хирургија и
имплантологија, докторант



**Д-р Марио Јурхар**
MSc по естетска
стоматологија
3D CBCT Diagnostic specijalist
член на Совет на IACD



**д-р Аднан Јахја**
MSc по естетска
стоматологија
член на Совет на IACD



Нермина Факовиќ
Портпарол и
член на Совет на IACD

# НАСТАВЕН И СТРУЧЕН ТИМ



**Проф. д-р Стипица Поповски**
Спец. по ортодонција



**Проф. д-р Даниела Х. Тасевска**
Спец. по педагошка и возрасна психологија, член на Совет на IACD



**Проф. д-р Ана Миновска**
Спец. по парадонтологија и ласерска стоматологија



**Проф. д-р Саша Станковиќ**
Спец. по протетика



**Проф. д-р Кенан Ферати**
Максилофацијален хирург



**Д-р Александар Трајаноски**
MSc по естетска стоматологија
Dental Photography & Smile Makeover



**Д-р Ристо Панајоту**
Спец. по ендодонција
Style Italiano Silver Member



**Д-р Ана Кртолица Георгиев**
MSc по естетска стоматологија



**Д-р Слободан Георгиев**
Спец. по орална хирургија и имплантологија, докторант



**Д-р Виктор Стефановски**
Спец. по протетика
докторант



**М-р д-р спец. Ирина Трајковска - Зареска**
Спец. по протетика



**Д-р Сања Димова**
MSc по естетска стоматологија



**Д-р Марие Нане-Богоеска**
MSc по естетска стоматологија



**Д-р Деспина Величковска**
Магистрант
CBCT Diagnostic



**Д-р Антоанета Симеонова**
Магистрант
Dental Photography

**Надворешни членови**



**Проф. д-р Асен Џолев**
Максило-фацијален хирург
Р. Србија.



**Проф.д-р. Целјана Тоти**
Спец. ортодонт
Р. Албанија



**Д-р Росен Венелинов**
Спец.ендододонт
Р. Бугарија



**Проф. д-р Амос Јахав**
Максило-фацијален хирург
Израел



**Проф. д-р Георги Томов**
Орален паталог
Р. Бугарија

Нова стручна книга

Прим. д-р Коте Тасевски
Прим. д-р Томе Тасевски
Прим. д-р Димитар Тасевски




# Дизајнирање на насмевката

# Добредојдовте на Академијата

### Драги идни магистранти

Со големо задоволство ве поздравуваме на почетокот на ова возбудливо патување кон совршенството во областа на стоматологијата. Вашата одлука да се запишете на Академијата е првиот чекор кон значајни достигнувања, но и кон личен и професионален развој. Ова не е само институција за учење; ова е место каде што ќе ги откриете своите амбиции, ќе ги формирате своите патишта и ќе научите како, со прецизност и креативност, да создавате насмевки кои го менуваат животот.

### Што можете да очекувате од вашите студии?

• **Развој на вештини и знаења:** Овде ќе стекнете не само теоретско знаење, туку и практични вештини кои ќе ги примените во реалниот свет. Ќе работите со најновите техники и технологии во естетската стоматологија.
• **Критичко размислување и истражувачки дух:** Студиите ќе ви помогнат да развиете вештини за критичко размислување и истражувачки дух, кои ќе бидат основа за вашата кариера.
• **Етичка одговорност:** На Академијата не се стремиме само кон научен напредок, туку и кон создавање стоматолози кои ќе ги разберат потребите на пациентите и кои ќе ги следат најновите етички стандарди.
• **Лидерство и креативност:** Секој од вас е потенцијален лидер. Не само што ќе станете стоматолог, туку ќе научите како да ги водите и инспирирате другите. Имате можност да станете експерт, но и уметник во оваа област, разбрани и почитувани од вашите пациенти.

### Вашата иднина во стоматологијата:

Во текот на студиите, ќе имате можност да се обучувате од водечките експерти и да се соочите со реални предизвици кои ќе ве формираат како вистински лидери во областа. Како стоматолози, ќе ја трансформирате не само насмевката, туку и самопочитта и вербата во себе на вашите пациенти. Вашето знаење и вештини ќе бидат основа за создавање на решенија кои траат и кои ќе направат разлика.

### Клучот до успехот:

Запомнете, патот до успехот не е секогаш лесен. Но, со труд, посветеност и страст, нема граници за тоа што можете да постигнете. Овој водич ќе ве води низ важните чекори и ќе ви помогне да ги искористите сите можности кои Академијата ги нуди.

### Нашиот пат – заедно до нови достигнувања

Ви посакуваме многу успешен почеток и постојан личен и професионален раст. Во оваа академска заедница, заедно ќе растеме, заедно ќе учиме и заедно ќе ја обликуваме иднината на стоматологијата.

## Среќно и нека ви биде благословено ова патување!




**ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ**
**АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА**

**УЛ. 23 Октомври, 18 а , лок. 3**
**Аеродром**

**1000 СКОПЈЕ**

+389 (0)2 2036 735

+389 (0)71 391 400

contact@iacd.mk

@iacdnmk

**WWW.IACD.MK**